Во согласност со член 108, 109 и 110 од Законот за високо образование („Службен весник“ бр. 35), Наставничкиот совет на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста објавува:

**К О Н К У Р С**
**за запишување студенти во академската 2011/2012 година**

**I. Број на студенти**

Во прва година на додипломските студии во академската 2011/2012 година на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста ќе се запишат вкупно 80 студенти на двете насоки:

1. **Студиска програма за новинарство и продукција** – 40 студенти, од кои 25 редовни и 15 вонредни
2. **Студиска програма за корпоративни комуникации и односи со јавноста** – 40 студенти, од кои 25 редовни и 15 вонредни.

**II. Услови за запишување**

1. Право на запишување имаат кандидати со завршено средно образование и положена државна матура, или образование соодветно на тоа, верифицирано со акт на Министерството за образование и наука на РМ;
2. Кандидати со положена училишна матура во гимназиско образование или завршен испит во стручно средно образование со четиригодишно траење, доколку во првиот уписен рок не се запишат предвидениот број на студенти;
3. Кандидатите се запишуваат со самофинансирање на студиите;
4. Високата школа во соработка со медиуми и институции обезбедува 14 стипендии

**III. Избирање на кандидатите**

1. Кандидатите може да ги достават документите најдоцна до завршувањето на третиот уписен рок - 1.10.2011;
2. Наставничкиот совет формира конкурсна комисија која проверува дали кандидатот ги исполнува условите за запишување;
3. Конкурсната комисија по завршувањето на уписот објавува прелиминарен список, врз основа на кој кандидатите ќе можат да поднесат приговор во рок од 8 дена од објавувањето на резултатите. Приговорот се доставува до Наставничкиот совет на Високата школа, којшто донесува конечна одлука по приговорот.

**IV. Потребни документи**

1. Свидетелства од четирите години средно образование (оригинални примероци или копии заверени на нотар)
2. Диплома за положен матурски испит (оригинален примерок или копија

заверена на нотар)
3. Државјанство (оригинал или копија заверена на нотар)
4. Фотокопија од Извод од матична книга на родените
5. Лична карта или пасош на увид
6. **Пријава за запишување**

Документите да се достават на адреса:
Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, „Јуриј Гагарин“ 17-1/1, Скопје

Повеќе информации на **info@vs.edu.mk** и на **02 30 90 004**.